

***Менаџерот Благој Механџиски е лауреат на повеќе награди и признанија за хуманитарни, бизнис, културни и други придонеси и мисии. За тоа тој вели дека кога луѓето го ценат и валоризираат трудот и активноста, тоа некако се преточува во награди и признанија.***

За директорот на „ЗЕГИН“, Благој Механџиски 1999 година е значајна, по тоа што тој беше добитник на наградата „Најхумано лице“ во таа година. Оваа награда му беше доделена за неговата докажана хуманост и солидарност, како активист во организацијата „Хуманитарен македонски национален центар за социјала и неразвиени подрачја“ и постојан донатор за зачувување и реставрација на историските вредности

во земјава.

Ова високо признание на директорот на „ЗЕГИН“ му го додели Тони Дабески, претседател на „Хуманитарниот македонски национален центар за социјала и неразвиени подрачја“.

Веледрогеријата „ЗЕГИН“, предводена од Благој Механџиски го донесе „Мајлстоун“ (Milestone), најголемиот странски инвеститор во Република Македонија. Тоа е мултинационална компанија која, всушност, е меѓународен финансиски конгломерат. Веднаш потоа, Европското здружение на менаџери на Механџиски му ја додели престижната награда „Нај-нај менаџер во Југоисточна и Средна Европа за 2006 година“.

Благој Механџиски, газдата на веледрогеријата „ЗЕГИН“, на 4 јули 2007 година, во Сараево ја доби престижната награда на Агенцијата за избор на најменаџер на годината за Југоисточна и за Средна Европа. За изборот на најменаџер на годината одлучуваа претставници на стопанските комори и економските аташеа од земјите во овој регион.

Наградата се доделува десет години по ред, а со неа во изминатите години се закитија познати менаџери од регионот, меѓу кои и Живко Мукаетов, првиот човек на најголемата македонска фармацевтска компанија „Алкалоид“. На овој список се наоѓаат менаџерите на 23 компании, меѓу кои и Србинот Миодраг Мишковиќ, сопственик на „Делта Холдинг“, Ивица Тодориќ на загребски „Агрокор“, Жељко Митровиќ, сопственикот на телевизијата Пинк, Људмила Менкова, сопственичката на синџирот бугарски хотели „Холидеј ин – Варна“ и Блаж Песјак од „АЦ Холдинг“ од Љубљана.

Наградата нема комерцијален карактер, туку континуирано се следи работењето на компанијата. Меѓутоа, наградата, исто така, претставува големо признание и поттик да се оди на поголеми проекти, како што е во винарството, во млечната индустрија и во финансискиот сектор.




УСТАВЕН СУД
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
1964-2014

[illegible]





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**